# ЗАПИСНИК

## од 6-та седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 20 ноември, 2015 г.

# ЗАПИСНИК

**од 6-та седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС**

Шестата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС се одржа на 20.11.2015 со почеток во 11:00 во просториите на ЗЕЛС. Со состанокот раководеше г. Жика Стојановски – Градоначалник на општина Илинден и воедно Претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

На седницата присуствуваа:

1. **Жика Стојановски**, Градоначалник на општина Илинден – Претседател
2. **Илчо Захариев**, Градоначалник на општина Штип - Член
3. **Садула Дураку**, Градоначалник на општина Липково - Член
4. **Момчило Алексовски**, Градоначалник на општина Ранковце – Член

Отсутни:

1. **Николче Чурлиновски**, Градоначалник на општина Валандово – Член

За седницата беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување на новиот Стратешкиот план на ЗЕЛС за 2016 – 2020;**
2. **Разгледување на Акцискиот план на ЗЕЛС за 2016;**
3. **Разгледување на Буџетот на ЗЕЛС за 2016;**
4. **Разгледување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2016;**
5. **Разгледување на предлогот за промена на Статутот на ЗЕЛС по иницијатива на Комитетот на советите при ЗЕЛС;**
6. **Разно.**

На почетокот, Г. Жика Стојановски го предложи дневниот ред за работа на 6-та седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС, кој беше едногласно прифатен од присутните членови на Надзорниот одбор, по што се премина на работа според утврдениот дневен ред.

## ТОЧКА 1. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА НОВИОТ СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2016-2020

Г-ѓа Душица Перишиќ даде осврт на целокупниот процес на стратешко планирање, истакнувајќи дека овој пат тоа беше целосно спроведено со внатрешни капацитети на ЗЕЛС, вклучувајќи ја тука клучната улога на Комисијата за стратешко планирање, која беше посебно формирана за оваа намена. Стратешкиот план беше составен преку широка консултација со општините, односно градоначалниците, советниците и администрацијата, затоа тој претставува вистински одраз на потребите на општините во поглед на нивната асоцијација. Дополнително, за време на сесиите на Комисија за стратешко планирање, мисијата и визијата на ЗЕЛС се ревидирани со цел подобро да ја одразат улогата и стремежите на ЗЕЛС во иднина.

Потоа, г-ѓа Душица Перишиќ го презентира новиот стратешки план за 2016 – 2020, односно стратешките цели и конкретни активности:

СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ
СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ СИСТЕМ НА УСЛУГИ ЗА ЕЛС
СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ НА ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ЗЕЛС

По завршената презентација, Г. Жика Стојановски го стави предлог стратешкиот план на ЗЕЛС за 2016-2020 на гласање. Истиот беше едногласно усвоен од сите членови на Надзорниот одбор.

## ТОЧКА 2. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2016

Г-ѓа Душица Перишиќ го презентира акцискиот план за 2016, истакнувајќи дека тој е произлегува од новиот стратешки план. Таа потенцира дека следната година ЗЕЛС ќе стави поголем фокус и ќе го интензивира лобирањето во интерес на членките, при што е планирано лобирањето да се поткрепи со соодветни анализи кои ќе служат како аргумент во разговорите со централната власт. Секако, ЗЕЛС и во 2016 ќе продолжи со испорака на обуки и е-услуги за општините. Потоа, г. Жика Стојановски побара од присутните членови да се произнесат за предложениот акциски план, по што констатира дека тој е едногласно усвоен.

## ТОЧКА 3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЗЕЛС ЗА 2016

Г-ѓа Душица Перишиќ го презентира буџетот на ЗЕЛС за 2016. Таа информира дека ЗЕЛС се уште нема потпишано договор со Швајцарската агенција за меѓународен развој (СДЦ), но се очекува тоа да се случи во втората половина на 2016. Последователно, во наредниот период ЗЕЛС ќе мора да се потпре на сопствените средства, како од членарината така и на приходи по други основи. Следуваше дискусија за стапката на собирање на членарините, како и долговите на поедини општини. На крај од расправата по оваа точка, г. Жика Стојановски побара од присутните членови да се произнесат за предложениот буџет, по што констатира дека тој е едногласно усвоен.

**ТОЧКА 4. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ЗЕЛС ЗА 2016**

Г-ѓа Душица Перишиќ го презентира Планот за јавни набавки за 2016 и истовремено ги извести присутните дека истиот ќе биде предмет на усвојување на Управниот одбор на ЗЕЛС кој ќе се одржи во 13:00, 20.11.2015, во просториите на ЗЕЛС. Оваа точка на дневниот ред имаше информативен карактер за членовите на Надзорниот одбор, од тие причини таа не беше предмет на усвојување.

**ТОЧКА 5. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЗЕЛС ПО ИНИЦИЈАТИВА НА КОМИТЕТОТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС**

Г-ѓа Душица Перишиќ ги извести членовите на Надзорниот одбор дека постои иницијатива за промена на Статутот на ЗЕЛС по иницијатива на Комитетот на советите, во насока на нивна поголема вклученост во органите и работата на ЗЕЛС. Таа ги информираше членовите дека до 2005, кога статутот на ЗЕЛС бил сменет, ЗЕЛС имал дво-домно собрание (градоначалници и советници) што овозможувало поголема вклученост на советниците во работата на ЗЕЛС. Оваа иницијатива не доби поддршка од Надзорниот одбор, присутните изразија резервираност околу фактот дека одредени општини ќе имаат по два гласа во телата и органите на ЗЕЛС. Сепак, иницијативата ќе биде предмет на дебата и усвојување од страна на Генералното собрание на ЗЕЛС, каде делегатите ќе можат да се произнесат за ваквиот предлог.

**ТОЧКА 6. РАЗНО**

Под точка разно беа разгледувани и дискутирани неколку теми кои претставуваат предизвик за општините. Г. Илчо Захариев предложи да се добие можност за плаќање на ДДВ обврската предвидена за општините за финансиска реализација на проектите одобрени за реализација на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година, од сумата предвидена за реализацијата на проектните решенија, која е утврдена врз основа на претходно веќе добиени решенија од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој. Односно, средствата кои се одобрени по добиените решенија од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, да останат на ниво на веќе добиените решенија за одобрување на проектите, согласно буџетски пресметки по проекти, аплицирани до АФПЗРР, а разликата која ќе се појави помеѓу проектираниот износ и износот на проектното решение добиен по спроведена јавна набавка и е-аукција, да се искористи за наплата на ДДВ обврската од страна на апликантите, во овој случај општините. Во случај оваа разлика да не е доволна за наплата на ДДВ обврската, општините би учествувале во кофинансирањето на преостанатоит износ за наплата на истата. Оваа иницијатива треба на соодветен начин да биде адресирана од страна на стучната служба на ЗЕЛС при нивните контакти со централната власт.

Исто така, г. Захариев информираше за проблемите со кои се соочуваат во поглед на пожарникарите кои ги вработува општината. Во насока на пронаоѓање на решение за посочените проблеми, тој побара стручната служба на ЗЕЛС да собере податоци од општините за тоа која

општина колку вработени пожарникари има, колку плаќаат за истите, колку плаќаат за прекувремена работа, празнични часови и јубилејни награди.

Г. Садула Дураку предложи дека треба да се работи во насока на добивање 1% од БДП за општините, со што во голема мерка би се решиле финансиските предизвици со кои се соочуваат општините. Овој предлог беше поддржан од сите присутни, кои исто така посочија дека треба да се работи и на зголемувањето на делот (%) од ДДВ и персонален данок кои се доделуваат на општините бидејќи во моменов распределбата е неправедна и несоодветна на потребите на општините.

Г. Садула Дураку го покрена прашањето за градоначалниците да добијат дипломатски пасош. Следеше дискусија помеѓу членовите за оправданоста на ваквото барање, како и модалитетите, односно наместо дипломатски да се побараат службени пасоши кои би им го олесниле на градоначалниците преминувањето на граничните премини.

**Составил,**

**Стручната Служба на ЗЕЛС**